949.717.08

Иван КАТАРЏИЕВ

# МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНО-ПОЛИТИЧКА МИСЛА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ, СКОПЈЕ, 1991, с. 542

Во 1991 година, во издание на издавачката куќа „Култура" од Скопје, излезе од печат трудот на д-р Иван Катарџиев под горниот наслов. Во публикацијата се презентирани одбрани материјали, прилози за развитокот на македонската национално-политичка мисла во предметниот период. Период што е посебно значаен со оглед на развитокот на процесот на конституирањето на македонската нација. Презентирани се 128 прилози од македонскиот прогресивен печат како: „Балканска Федерација" (1924—1930), „Македонско дело" (1925—1935), „Македонско знаме" (1932—1934), „Македонски вести" (1935—1936). Определбата за прилозите од овие гласила е во согласност со фактот дека сите овие гласила биле официјални органи на македонското национално ослободително движење. Авторот со право истакнува дека „најизворно ги одразува интересите на левицата на македонското ослободително движење".

Посебно внимание заслужува воведниот дел кој што претставува исцрпна студиозна анализа на развитокот на културно-националната и политичката мисла: местото и влијанието на македонскиот национален печат во борбата на македонскиот народ против денационализаторските и асимилаторските притисоци на владеачките режими на балканските монархии во сите делови на поробена Македонија, како моќен фактор за национална хомогенизација.

Македонската национално-политичка мисла се базира и извира од континуитетот на основите на македонското национално-револуционерно движење. Негова цел било државно конституирање на Македонија, самостојна и автохтона, која подоцна би влегла во евентуална Балканска Федерација или конфедерација врз рамноправни основи и со еднакви права и обврски како и другите балкански држави. Меѓутоа, овој период меѓу двете светски војни, во Македонија го карактеризираат изменети општествено-политички и економски услови. Така покрај потчинетоста, Македонија ја карактеризра и територијалната распарченост, а со тоа и поделеност на македонскиот народ. Оттука и постојаноста на настојувањата за единство на борбата на национално-ослободителното движење како целина, односно на неговите делови како организациони и идејни посебности во тоа движење. При тоа се укажува на различната социјална структура на организираните македонски национални и политички сили со различни идејни и политички тенденции, а кои што имале решавачко влијание врз формирањето и изградувањето на македонската национално-политичка мисла.

Посебно се истакнува улогата на македонското граѓанство во формирањето на национално-по-

литичка мисла, како водечки национален и социјален слој со свои интереси и потреби за создавање македонска државност во форма на автономија, солуција условена од постојните „историски реалности".

Свое место во борбата против националната и социјалната поробеност наоѓа и работничкото движење. Меѓутоа, со право истакнува авторот дека тоа во македонскиот случај не претставува класно движење како што е случај со социјалните движења на селаните и работниците на Балканот, „... како економското така и политичкото, и секое друго угнетување во очите на македонскиот народ се крши низ призмата на националното ослободување. И заради тоа неговата борба не е класно туку национално ослободување".

Според авторот, во конципирањето на македонската национална политичка мисла, во периодот меѓу двете светски војни, не треба да се изгуби од предвид и меѓународниот фактор: променливоста на билатералните и мултилатералните односи меѓу балканските земји, односите во Европа и во светот, а и групирањето на силите на европски и светски план во наближувачкиот судир.

Оваа најнова публикација со бројноста на прилозите и со оглед на значењето на документираниот материјал ќе претставува основа за натамошни проучувања на бројни прашања од културната историја и историјата на политичката мисла на македонскиот народ во периодот меѓу двете светски војни.

Константин **МИНОСКИ**